V. 16.6.69.
2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 4 јуни 1969
Скопје
Број 22 XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**197.**

Врз основа на член 18 а во врска со член 20 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65, 16/67), Извршниот совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ОДБОРИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се образуваат следните одбори на Извршниот совет:

1. Одбор за стопанство,
2. Одбор за образование, наука и култура,
3. Одбор за здравство и социјална политика,
4. Одбор за внатрешна политика и комунален систем.

II. Задачи на одборите се:

1) Одборот за стопанство разгледува, му дава мислења и предлози на Извршниот совет по прашањата и проблемите во врска со изработувањето на републичките општествени планови и нивното остварување и со општиот развиток на стопанскиот систем; стабилноста на стопанството, условите и можностите за развиток на одделни стопански гранки и дејности; финансиските и основните проблеми во врска со приходите и расходите на Републиката, станбено-комуналната изградба; трудот и трудовите односи; претресува прашања на тековната економска политика, стоковно-паричните односи, прометот, цените, продуктивноста на трудот и расподелбата на доходот и личните доходи во стопанските и другите работни организации; системот на управување во работните организации; стручното усовршување на работниците и други прашања на стопанскиот развиток и стопанскиот систем.

2) Одборот за образование, наука и култура разгледува, му дава мислења и предлози на Извршниот совет по прашањата и проблемите во врска со системот на воспитувањето и образованието, високото школство, просветата и културата, научната дејност, физичката култура, организацијата и условите за работа во овие области, финансирањето на овие служби, информирањето на јавноста, како и други прашања од интерес за развитокот и усовршувањето во овие области.

3) Одборот за здравство и социјална политика разгледува, му дава мислења и предлози на Извршниот совет по прашањата и проблемите во врска со системот на здравствената заштита, социјалната политика и социјалното осигурување, организацијата, условите за работа во овие области, финансирањето во овие служби како и други прашања од интерес за развитокот и усовршувањето во овие области.

4) Одборот за внатрешна политика и комунален систем разгледува, му дава мислења и предлози на Извршниот совет по прашањата од областа на внатрешните работи, правосудството, јавното обвинителство и адвокатурата; по прашањата во врска со заштитата на уставноста и законитоста и и изградувањето на правниот систем; по прашањата за имотно-правните односи; ги разгледува прашањата во врска со организацијата на власта; со спроведувањето на системот на самоуправувањето на граѓаните во општината и делувањето на општинските органи; на самоуправувањето во органите на државната управа и во општествените служби; прашањата во врска со организацијата, функционирањето, унапредувањето на работата, финансирањето и распределбата на личните доходи во органите на државната управа и стручното образование на работниците во нив, како и други прашања и проблеми од областа на внатрешната политика.

III. Одборите од претходната точка имаат претседател и определен број членови и тоа:

Одборот за стопанство претседател и 5 члена;

Одборот за образование, наука и култура претседател и 6 членови;

Одборот за здравство и социјална политика претседател и 2 члена; и

Одборот за внатрешна политика и комунален систем претседател и 2 члена.

Одборите ги сочинуваат членови на Извршниот совет.

IV. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за образување одбори на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 24/67).

V. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1280/1
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

---

**198.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/67), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРИТЕ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Во одборите на Извршниот совет се именуваат:

1) Во Одборот за стопанство:

а) за претседател:

Мориц Романо, потпретседател на Извршниот совет;

б) за членови:

1. Драган Захариевски, член на Извршниот совет,
2. инж. Ѓорѓи Оровчанов, член на Извршниот совет,
3. Младен Павловски, член на Извршниот совет,
4. Стојан Ќосев, член на Извршниот совет,
5. д-р Никола Узунов, член на Извршниот совет.

2) Во Одборот за образование, наука и култура:

а) за претседател:

Азем Зулфиќари, потпретседател на Извршниот совет;

б) за членови:
1. Славка Георгиева — Андреевиќ, член на Извршниот совет,
2. д-р Љупчо Гроздев, член на Извршниот совет,
3. Фахри Мехмед — Каја, член на Извршниот совет,
4. инж. Ѓорѓи Оровчанов, член на Извршниот совет,
5. д-р Анте Поповски, член на Извршниот совет,
6. д-р Никола Узунов, член на Извршниот совет.
3) Во Одборот за здравство и социјална политика:
а) за претседател:
д-р Љупчо Гроздев, член на Извршниот совет;
б) за членови:
1. Јездимир Богдански, член на Извршниот совет,
2. Младен Павловски, член на Извршниот совет.
4) Во Одборот за внатрешна политика и комунален систем:
а) за претседател:
Јездимир Богдански, член на Извршниот совет;
б) за членови:
1. Драган Захариевски, член на Извршниот совет,
2. Младен Павловски, член на Извршниот совет.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, кога престанува да важи Решението за именување на претседатели и членови на одборите на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 25/67), а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1281/1
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**199.**

Врз основа на член 19 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/67), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Во постојаните комисии на Извршниот совет се именуваат:
1) Во Административната комисија:
а) за претседател:
Младен Павловски, член на Извршниот совет;
б) за членови:
1. д-р Љупчо Гроздев, член на Извршниот совет,
2. Драган Захариевски, член на Извршниот совет.
2) Во Комисијата за помилувања:
а) за претседател:
Славка Георгиева — Андреевиќ, член на Извршниот совет;
б) за членови:
1. Јездимир Богдански, член на Извршниот совет,
2. Стојан Ќосев, член на Извршниот совет.
3) Во Комисијата за кадровски прашања:
а) за претседател:
Мориц Романо, потпретседател на Извршниот совет;
б) за членови:
1. Драган Захариевски, член на Извршниот совет,
2. инж. Ѓорѓи Оровчанов, член на Извршниот совет;
3. Секретарот на Извршниот совет.
4) Во Комисијата за одликувања:
а) за претседател:
Азем Зулфиќари, потпретседател на Извршниот совет;
б) за членови:
1. Стојан Ќосев, член на Извршниот совет,
2. Фахри Мехмед — Каја, член на Извршниот совет,
3. Секретарот на Извршниот совет,
4. Началникот на Управата за персонални прашања.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, кога престанува да важи Решението за именување претседатели и членови на постојаните комисии на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 25/67), а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1282/1
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**200.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" број 17/65, 16/67 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО И ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се именува за секретар на Секретаријатот за законодавство и организација во Извршниот совет ЃОРЃИ ЦАЦА, досегашен секретар на овој Секретаријат.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1287/1
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**201.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" број 17/65, 16/67 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ИНФОРМАЦИИ ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се именува за секретар на Секретаријатот за информации во Извршниот совет БЛАГОЈ МИХОВ, досегашен секретар на овој Секретаријат.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1289/1
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

202.

Врз основа на член 38б од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ број 17/65, 16/67 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА БИРОТО ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

I. Се именува за секретар на Бирото за односи со странство ДИМИТАР КОЛЕМИШЕВСКИ, досегашен потсекретар во Извршниот совет.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-1288/2
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

203.

Врз основа на член 40 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ број 17/65, 16/67 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОТСЕКРЕТАР ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се разрешува од должност потсекретар во Извршниот совет ДИМИТАР КОЛЕМИШЕВСКИ, поради заминување на нова должност.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-1288/1
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

204.

Врз основа на член 29 став 1 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65, 17/67 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНО ЗДРАВЈЕ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

I. Се именува за помошник на Републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика д-р ВИДОЕ СТЕФАНОВСКИ, досегашен директор на Градскиот завод за здравствена заштита во Скопје.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-1399/1
19 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

205.

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството („Службен весник на СРМ“ бр. 22/66), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТИ ВО РУДАРСТВОТО

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството:

— Ванчо Клинчарски
— Нико Нича
— инж. Стево Трајковски
— инж. Благоја Филиповски.

II. За членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството, со мандат од две години, се именуваат:

— инж. Иван Димитровски, помошник на републичкиот секретар за индустрија и трговија;
— инж. Христо Светиев, виши советник во Стопанската комора на Македонија;
— инж. Ристо Грозданов, главен инженер во Опитната станица во Железарницата „Скопје“ во Скопје;
— д-р инж. Томислав Иванов, доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, и
— д-р инж. Кочо Богоевски, технички директор на Геолошкиот завод во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-1058/1
19 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

206.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 35/57), републичкиот секретар за индустрија и трговија донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА НАЧИНОТ НА ОБНОВУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО И УСЛОВИТЕ ЗА ЧУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на обновувањето и дополнувањето, како и условите под кои се чува инвестиционата техничка документација.

Член 2

Обновување на инвестиционата техничка документација се врши во случаите кога одделни делови или целата инвестициона техничка документација се оштетени или уништени.

Обновувањето на оштетената документација се врши со прекопирање, прецртување, преработување, микрофилмување и слично. Начинот на обновување се определува врз основа на писмен предлог од комисија што извршила преглед на состојбата на документацијата.

Обновувањето на уништената документација се врши со изработување на нова документација врз основа на податоците добиени со снимање на постојниот објект и извршување на најопходните

пресметнувања. Новата документација се изработува за оние фази и делови од уништениот комплет на техничката документација што се неопходни за нормална употреба, одржување или евентуална реконструкција на инвестициониот објект.

Член 3

Дополнување на инвестиционата техничка документација се врши во случаите кога во текот на градењето односно во текот на употребата на инвестициониот објект се пристапи кон измени и дополнувања на конструкциите, инсталациите и на технолошкиот процес на инвестициониот објект.

Дополнувањето на инвестиционата техничка документација се приложува кон основната инвестициона техничка документација и заедно со истата се чува под условите пропишани со овој правилник.

Извршеното дополнување на инвестиционо-техничката документација се забележува односно констатира и во основната техничка документација.

Член 4

Органот надлежен за давање одобрение за градење, инвеститорот односно органот или организацијата врз која е пренесено правото за користење на инвестициониот објект (органот односно организацијата), се должни да ги обезбедат следните услови за чување на инвестиционата техничка документација:

— местото (просторијата) во која се чува документацијата да биде осигурано од уништување, кражба, пожар, поплава, земјотрес и др. елементарни непогоди и да е погодно за евентуална евакуација на документацијата;

— погодна опрема за чување на документацијата (рафтови, шифоњери). Поважните делови од документацијата задолжително се сместуваат во челични ормани.

Како поважни делови на документацијата се сметаат оние што се неопходни за нормална употреба и одржување на објектот и за евентуална измена и реконструкција на технолошкиот процес, инсталациите и конструкциите на објектот.

Член 5

Органот односно организацијата што ја чува документацијата задолжително устројува картотека заради увид и полесна манипулација со документацијата. Во картотеката се попишуваат сите фази, делови и прилози на документацијата, со соодветни ознаки и битни податоци за содржината.

Член 6

За чување на инвестиционата техничка документација се задолжува одредено лице.

Член 7

Инвестиционата техничка документација најмалку еднаш во годината се прегледува заради утврдување на состојбата и за извршениот преглед се составува записник.

Член 8

Инвестиционата техничка документација за објектите што се рушат се предава на чување на надлежниот архив, согласно одредбите на Законот за архивската граѓа и архивите („Сл. весник на СРМ“ бр. 16/68).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-2585/1
27 мај 1969 година
Скопје

Републички секретар за
индустрија и трговија,
инж. **Стојан Маткалиев,** с. р.

## 207.

Врз основа на членот 6 став 1 од Законот за измени и дополненија на Основниот закон за безбедноста на сообраќајот на јавните патишта („Службен лист на СФРЈ“ бр. 20/69), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАБОТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА И РЕГУЛИРАЊЕТО НА СООБРАЌАЈОТ КОИ МОЖАТ ДА ГИ ВРШАТ РАБОТНИЦИТЕ НА МИЛИЦИЈАТА

Член 1

Правилникот за работите од контролата и регулирањето на сообраќајот кои можат да ги вршат работниците на милицијата („Службен весник на СРМ“ бр. 7/66) престанува да важи.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 04-9398/1
2 јуни 1969 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Иван Гиновски,** с. р.

---

## 208.

Врз основа на членот 5 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал („Службен весник на СРМ“ бр. 42/68), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ СПИСОКОТ НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОДНОСНО СТРУЧНИ СЛУЖБИ ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНА КОНТРОЛА НАД ПРОИЗВОДСТВОТО НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

1. Работни организации за стручна контрола над производство на саден материјал се:

За шумарство:

— Земјоделско-шумарскиот факултет — Скопје;

— Центарот за мелиорации на деградирани шуми с. Кажани — Битолско;

— Комунално-производното претпријатие „Паркови и зеленило“ — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 09-1154
28 мај 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски,** с. р.

**209.**

## ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИК ВО СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

ДО СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, откако ги прими изборните акти од повторниот избор на пратеник во Социјално-здравствениот собор на Собранието во изборната единица КИЧЕВО I, во смисла на член 166, а во врска со член 149 од Законот за избор на пратеници на Собранието, на Социјално-здравствениот собор му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

за резултатот од повторниот избор за избор на пратеник на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица КИЧЕВО I.

1. Во Изборната единица КИЧЕВО I, на 6 мај 1969 година, Социјално-здравствениот собор во постапката за верификација го поништи изборот поради неправилности при спроведувањето на изборите — Одлука бр. 1502 од 6 мај 1969 година;

2. Републичката изборна комисија со Решението број 330 од 13 мај 1969 година распиша повторен избор за 30 мај 1969 година;

3. На 30 мај 1969 година се изврши повторен избор во изборното тело на општината Кичево. Изборното тело гласаше за кандидатите чии кандидатури ги потврди Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието — Кичево.

4. Во изборната единица КИЧЕВО I во постапката на повторни избори, од 130 членови на изборното тело, гласаа 120, од кои:

За кандидатот Д-р Методија Гавриловски 77; и
За кандидатот Д-р Димитрија Димитриовски 38.
Неважни гласачки ливчиња има 5.

5. Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието, врз основа на член 146 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, го утврди резултатот од повторниот избор во изборното тело на општината Кичево и за избран пратеник во изборната единица КИЧЕВО I го прогласи д-р МЕТОДИЈА ГАВРИЛОВСКИ, од Кичево.

Повторниот избор е извршен во склад со одредбите од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

6. Републичката изборна комисија на Социјално-здравствениот собор, во прилог на Извештајов, му ги доставува и изборните акти од повторниот избор во изборната единица КИЧЕВО I.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски,**
Претседател, **Киро Никовски,**

**210.**

Врз основа на член 166 а во врска со член 91 став 2 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 4/69), Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ги

ОБЈАВУВА

имињата на кандидати за пратеници на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија како и изборната единица во која се тие кандидирани

Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со седиште во Охрид, на основа поднесените предлог кандидатури за повторен избор на пратеник во Републичкиот собор во изборната единица ОХРИД II, ги потврди кандидатурите на следните кандидати за пратеници на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и тоа:

1) Никола Новески, од Охрид
2) Ристе Сидор, од Охрид
3) Благо Војдан, од Охрид
4) Илче Ѓеорѓиевски, од Охрид
5) Стојан Стојановски, од Охрид
6) Рефик Мусли — Фику, од Охрид и
7) Решад Бајрам, од Охрид.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 364/1
2 јуни 1969 година
Скопје

Секретар, **Никола Алексовски,** с. р.
Претседател, **Киро Никовски,** с. р.

# Службени објави

## ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 9 став 3 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал, објавува дека во Регистарот на производители на саден материјал се запишани следните организации:

I. ЗА ОВОШТАРСТВО

— Земјоделското училиште „Борис Кидрич" во Битола, рег. бр. 11, страна 11, книга I, решение број УП/10-1 од 20. V. 1969 година;

— Земјоделската задруга „Светлост" с. Породин — Битолско, рег. број 12, страна 12, книга I, решение број УП/10-14 од 20. V. 1969 година;

— Земјоделската задруга „Прогрес" од Ѓорче Петров, рег. број 13, страна 13, книга I, решение број УП/10-21 од 20. V. 1969 година;

— Земјоделско-задружниот комбинат „Аграр" во Скопје, рег. број 14, страна 14, книга I, решение број 10—968 од 22. V. 1969 година.

II. ЗА ШУМАРСТВО

— Шумското стопанство во Штип, рег. број 6, страна 6, книга III, решение број УП/10-9 од 21. IV. 1969 година;

— Земјоделската задруга „Светлост" с. Породин — Битолско, рег. број 7, страна 7, книга III, решение број УП/10-3 од 28. IV. 1969 година.

— Центарот за мелиорации на деградирани шуми во с. Кажани — Битолско, рег. број 8, страна 8, книга Ш, решение број УП/10-11 од 28. IV. 1969 година;

— Комунално-производното претпријатие „Паркови и зеленило“ во Скопје, рег. број 9 страна 9 книга Ш, решение број УП/10-16 од 6. V. 1969 година;

— Шумската опитна станица при Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје, рег. број 10, страна 10, книга Ш, решение број УП/10-17 од 5. V. 1969 година;

— Шумското производно претпријатие „Бигла“ во Демир Хисар, рег. број 11, страна 11, книга Ш, решение број УП/10-18 од 22. V. 1969 година.

ОД РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

---

ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТЕРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на производители на семе е запишана следната организација:

— Агрокомбинат „Тиквеш“ погон поледелство — Кавадарци, за производство на семе од пченица, останати стрни жита и индустриски култури — памук, рег. број 47, страна 47, книга I, решение број УП/10-22 од 21. V. 1969 година.

ОД РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

---

ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на доработувачи на семе е запишана следната организација:

— Агрокомбинат „Тиквеш“ погон поледелство — Кавадарци, за доработка на семе од житни култури, рег. број 38, страна 38, книга I, решение број УП/10-23 од 21. V. 1969 година.

ОД РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

---

ОБЈАВА
ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство во смисла на член 11 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека од Регистарот на производители на семе се брише следната организација:

— Земјоделското стопанство „Сопотско Поле“ с. Сопот, за производство на семе пченица, останати стрни жита и памук. Рег. број 10, страна 10, книга I, решение број 07-476/21 од 10. IV. 1967 година и 10-408/1 од 12. Ш. 1968 година.

ОД РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

ОБЈАВА
ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство во смисла на член 11 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека од Регистарот на доработувачи на семе се брише следната организација:

— Земјоделското стопанство „Сопотско Поле“ с. Сопот — Кавадарци, за доработка на семе од житни култури. Рег. број 7 страна 7, книга I, решение број 07-476/12 од 10. IV. 1967 година.

ОД РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1144, страна 745, книга V, е запишано следното: Трговското претпријатие на големо и мало „Интеркомерце“ — Скопје, се преселува од улицата до школото „Лирија“ на улица „Загребачка“ бб во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 143 од 30. IX. 1968 година. (2018)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1087, страна 445, книга V, е запишано следното: „Унион“ — трговско претпријатие на големо и мало со посредување — Скопје, ул. „Дрварска“ бр. 25, согласно одлуката бр. 94 од 30. IX. 1968 година на работничкиот совет, се пресели од ул. „Дрварска“ бр. 25 на улица „Цветан Димов“ број 1а.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 971 од 24. IX. 1968 година. (2019)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1087, страна 445, книга V, е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните „Унион“ — трговско претпријатие на големо и мало со посредување — Скопје, ул. „Цветан Димов“ бр. 1а, бидејќи се припојува кон Заштитната работилница за рехабилитација и запослување на слепи „Слобода“ — Куманово, како погон за промет „Унион“ — Скопје, согласно одлуките на колективите.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1007 од 25. IX. 1968 година. (2020)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 923, страна 681, книга IV, е запишано следното: Дејноста на Претпријатието за поштенскиот, телеграфскиот и телефонскиот сообраќај — Скопје, согласно одлуката на работничкиот совет од одржаната седница на 25. VII. 1968 година се проширува и со: продажба на филателистички марки во филателистичка цел и продажба на филателистички прибор и литература.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 899 од 30. IX. 1968 година. (2021)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 324, страна 123, книга II, е запишано следното: Кон Трговското претпријатие за промет со мешана стока на мало и големо „Клепа“ — Градско, Титоввелешко, се припои Трговското претпри-

јатие на големо и мало со сите видови на стоки „Ангро-Скопје“ — Скопје, како деловна единица согласно одлуките на колективите под фирма: Трговско претпријатие за промет со мешана стока на големо и мало „Клепа“ — Градско — Деловна единица во Скопје. Предмет на работењето на деловната единица е: промет со сите видови индустриски стоки за кои не е потребно отворено складиште, земјоделски производи, месни производи и недвижности — имоти, посредување во прометот со напредназедените стоки како и недвижностите и на механизација и транспорт за употреба во земјоделството, материјали во градежништвото, огревен материјал (дрво и ќумур), како и со комисиона продажба на движими предмети.

Деловната единица ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Наневски Трајан, раководител на погонот, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 999 од 26. IX. 1968 година. (2022)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1127, страна 663, книга V, е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Трговското претпријатие на големо и мало со сите видови стоки „Ангро-Скопје“ — Скопје, бидејќи се припојува кон Трговското претпријатие за промет со мешани стоки на големо и мало „Клепа“ — Градско како деловна единица, согласно одлуките на колективите.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1022 од 26. IX. 1968 година. (2023)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 923, страна 681, книга IV, е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Претпријатието за поштенскиот, телеграфскиот и телефонскиот сообраќај — Скопје и тоа: Дамевски Ѓоре, в. д. директор, Божиновски Пецо, Костов Стеван и Николовски Трајко, претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, и новоназначените потписници: Георгиев Душко, економски советник, Темелкова инженер Веселинка, началник на одделението за телекомуникации, и Куситасева Лепосава, шеф на отсекот за книговодство, сметано од 26. IX. 1968 година

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1024 од 27. IX. 1968 година. (2024)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 859, страна 1177, книга Ш, е запишано следното: Претставништвото во Скопје, на ул. „256“бб — VШ колосек, на Трговското претпријатие „Ферромото“ — Марибор се преселува од ул. „256“бб — VIII колосек на ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 66 во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1021 од 25. VI. 1968 година. (2026)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1239, страна 1411, книга V, е запишано следното: Здруженото претпријатие на памучната индустрија „Интекс“ — Скопје е конституирано на 3. IX. 1968 година, согласно записникот бр. 01-31/1 од 13. IX. 1968 година од I седница на работничкиот совет на Здруженото претпријатие на памучната индустрија „Интекс“ — Скопје.

За претседател на работничкиот совет е избран Хаџи Мишев Ристо.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1006 од 17. IX. 1968 година. (2028)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 288, страна 1123, книга I, е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата во Тетово, на ул. „Илинденска“ бр. 13, на Фабриката за гуми и чевли „Комуна“ — Призрен, согласно одлуката на работничкиот совет од одржаната седница на 14. XI. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 945 од 16. VШ. 1968 година. (2035)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 4. IX. 1968 година, рег. бр. 4/59, книга II, е запишано следното: Им престанува овластувањето на Мавроски Петар и Конзулоски Блаже за потпишување на Услужното занаетчиско претпријатие „Трудбеник“ од Прилеп.

Се овластува Мирчески Илиев Милан, в. д. директор, да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 408/68. (2052)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. IX. 1968 година, рег. бр. 11/55, книга IV, е запишано следното: Му престанува овластувањето на потпишување на Ивановски Панде, досегашен управител на Земјоделската задруга „Илинден“, село Стење, Ресен.

Се овластува Ристевски Костов Каранфил, директор, покрај досегашните потписници Венко Несторовски и Сандре Несторовски, да ја потпишуваат задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 426/68. (2054)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. IX. 1968 година, рег. бр. 1/62, книга I, е запишано следното: Се менува фирмата на Продавницата „Зора“ од Битола на Трговското претпријатие „Нова трговија“ од Битола и ќе гласи: Продавница „Детска радост“ во Битола на Трговското претпријатие „Нова трговија“ од Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 422/68. (2056)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. IX. 1968 година, рег. бр. 17/62, книга I, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата во Битола, на Индустријата за горна и долна облека и обувки „Борац“ од Травник, уште со продажба на теписи, метража за јоргани, перници, ќебиња и постели.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 103/68 од 22. VII. 1968 година на работничкиот совет на Индустријата „Борац“ од Травник и решението бр. 08-33/219 од 12. IX. 1968 година на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 460/68. (2057)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, рег. бр. 21/62, книга I, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 1 во Битола, на Вараждинската текстилна индустрија — Вараждин, уште со: продажба на текстилна стока, кратка и плетена стока, конфекција и крзнена стока од сопствено производство како и производи на други производители.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 494 од 18. IV. 1968 година на работничкиот совет на Вараждинската тестилна индустрија — Вараждин и решението бр. 08-33/213 од 10. IX. 1968 година

на пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 453/68. (2058)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 19. IX. 1968 година, рег. бр. 1/68, книга I, е запишано следното: Се проширува дејноста на Здружената земјоделска задруга „Н. Х. Орде Чопела" — Варош — Прилеп, уште со: вршење јавен превоз на предмети со моторни возила (вршење на транспортни услуги за задругарите и кооперантите).

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 94/ЗС од 29. VI. 1968 година на Здружената земјоделска задруга „Н. Х. Орде Чопела", село Варош — Прилеп и уверенијата на пазарниот и санитарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 436/68. (2067)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, рег. бр. 92/55, книга II, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата „Вартекс" од Прилеп, на Вараждинската текстилна индустрија — Вараждин, уште со: промет со текстил, кратка и плетена стока, конфекција и стока од крзно од сопствено производство и производи од други производители.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 494 од 18. IV. 1968 година на работничкиот совет на Вараждинската текстилна индустрија — Вараждин и уверенијата од пазарниот и санитарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 456/68. (2068)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, рег. бр. 14/62, книга II, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата во Ресен на Вараждинската текстилна индустрија — Вараждин, уште со продажба на трикотажа.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 494 од 18. IV. 1968 година на работничкиот совет на Вараждинската текстилна индустрија — Вараждин и решението бр. 7588/1 од 4. IX. 1968 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Ресен.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 455/68. (2070)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, рег. бр. 41/68, книга I, е запишана под фирма: Бутка во месноста „Ешик Баир" — Битола за Заштитната работилница за преквалификација на инвалидите Пензионерска, ориентална, слаткарска и гостилничарска, со седиште во Битола. Предмет на работењето на бутката е продажба на сите видови производи на тутун-цигари со дополнување на безалкохолни пијалоци — вештачки освежителни пијалоци во оригинал опаковка.

Раководител на бутката е Томе Бошевски.

Бутката е основана од Заштитната работилница за преквалификација на инвалидите „Пензионерска, ориентална, слаткарска и гостилничарска" — Битола, со одлуката на работничкиот совет од 2. IV. 1967 година и согласноста бр. 01-3837/1 од 16. V. 1967 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Бутката ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и заштитната работилница.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 452/68. (2072)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. IX. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга II, е запишан под фирма: Погон трговија во Прилеп на Претпријатието за производство на готова облека и шивачки услуги „Солидност" од Прилеп. Предмет на работењето на погонот е продажба на готова конфекциска облека, трикотажа и текстилна галантерија.

Раководител на погонот е Желчески Благоја.

Погонот е основан од Претпријатието за производство на готова облека „Солидност" од Прилеп, со одлуката бр. 03-2688/2 од 9. IX. 1968 година од работничкиот совет и уверението на санитарниот и пазарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Погонот ќе го потпишува Трпчески Ѓорѓија, директор на Претпријатието „Солидност" од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 448/68. (2077)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. IX. 1968 година, рег. бр. 38/68, книга I, е запишана под фирма: Филијала во Прилеп на Комерцијално-инвестиционата банка во Скопје. Предмет на работењето на филијалата е: ги снабдува стопанските организации со парични средства за вршење на производство и промет (краткорочно кредитирање); дава инвестициони кредити за вложување во трајни основни и обртни средства; ја кредитира станбено-комуналната изградба; го кредитира населението со потрошувачки кредити; прибира парични депозити со и без отказен рок; прибира штедни влогови, води жиро-сметки на граѓаните и врши други банкарски работи со граѓаните; врши откуп и продажба на странски средства за плаќање; издава банковни гаранции и врши останати кредитни и банкарски работи во рамките на овластувањата добиени од собранието на банката и извршниот одбор; и врши други банчини и кредитни работи.

Филијалата е основана од Комерцијално-инвестиционата банка од Скопје, со одлуката од 28. VI. 1968 година на Извршниот одбор на банката. Филијалата е основана со припојувањето на Комерцијалната банка и штедилница — Прилеп кон Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје.

Филијалата ќе ја потпишува Илија Ацев Јаноски, директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 418/68. (2078)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. IX. 1968 година, рег. бр. 11/55, книга IV, е запишано под фирма: Бифе-кафеана, со седиште во село Стење, на Земјоделската задруга „Илинден" од с. Стење. Предмет на работењето на бифето е вршење на угостителски услуги.

Раководител на бифето е Георгиевски Ристо.

Бифето е основано од Земјоделската задруга „Илинден" од с. Стење, со одлуката бр. 358 од 19. VIII. 1968 година на задружниот совет и решението бр. 04-6889/1 од 1. VIII. 1968 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Ресен.

Бифето ќе го потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола. Фи. бр. 427/68. (2079)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. IX. 1968 година, рег. бр. 10/62, книга I, е запишана под фирма: Продавница „Колор" во Ресен на Трговското претпријатие „Задругар" од Битола. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на гумени производи, чевли, производи од пластични маси, бои, лакови и прибор, виназ плочици, мелопласт и лесонит.

Раководител на продавницата е Делов Петар.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Задругар“ од Битола, со одлука од 4. IV. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 04-1968/1 од 23. IX. 1968 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Ресен.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 313/68. (2080)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 246, страна 873, книга I, е запишано следното: Дејноста на Шумското стопанство — Куманово, согласно одлуката бр. 71/13 од 17. IX. 1968 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост се проширува и со примарна преработка на дрво.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1011 од 10. X. 1968 година. (2093)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1254, страна 1491, книга V, е запишана под фирма: „Интерекспорт“ — претпријатие за меѓународна трговија — Белград — Инекс — Туристичка агенција — Белград — Пословница во Скопје, ул. „27 март“ бр. 12. Предмет на работењето на пословницата е: продажба на сопствени или посредување при продажбата на други хотелски капацитети, како и сите туристички услуги на странски пазари; организирање групни и поединечни излети, стручни и студиски патувања во земјата и странство; изнајмување автомобили без возач и со возач; организирање конгреси, симпозиуми, сајмови и културно-забавни приредби; продажба на странски тутунски преработки и алкохолни пијалоци; продажба на сите видови сувенири; обавување работи во менувачница; продажба на сите видови меѓународни и домашни превозни карти: авионски, возни, бродски и автомобилски и други туристичко-агенциски услуги.

Пословницата е основана од „Интерекспорт“ — претпријатие за меѓународна трговија — Белград, со одлука на работничкиот совет од одржаната седница на 24. VII. 1967 година.

Пословницата од Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Забазновски Атанас, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 715 од 21. X. 1968 година. (2098)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 669, страна 597, книга IV, е запишано следното: Дејноста на „Агромакедонија“ — деловно здружение за земјоделство и механизација — Скопје, согласно одлуката на Извршниот одбор на Здружението од одржаната седница на 10. VI. 1968 година се проширува и со: изработка на инвестициони програми и инвестициони технички документации во областа на земјоделството со градежни објекти со вообичаени технички и конструктивни решенија и со наједноставни статички системи на конструкција.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 741 од 8. X. 1968 година. (2107)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 669, страна 597, книга IV, е запишана под фирма: „Агромакедонија“ — деловно здружение за земјоделство и механизација — Скопје — Продавница број 1 во Ѓорче Петров, на ул. „Маршал Тито“ бр. 43. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на електроматеријали, железарија и водоводни материјали.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Агромакедонија“ — деловно здружение за земјоделство и механизација — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 29. VI. 1967 година.

Раководител на продавницата е Милан Денковски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Деловното здружение, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 551 од 29. X. 1968 година. (2108)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 669, страна 597, книга IV, е запишана под фирма: „Агромакедонија“ — деловно здружение за земјоделство и механизација — Скопје — Продавница број 2 во село Маџари — Скопје, ул. „850“бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на резервни авто-делови и гуми во прометот, на мало.

Продавницата е основана од Советот на работната заедница со одлука од одржаната седница на 23. IV. 1968 година.

Раководител на продавницата е Митиќ Мирослав.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува здружението, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 883 од 8. X. 1968. година. (2109)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1084, страна 433, книга V, е запишана под фирма: „Ангроцентар“ — претпријатие за промет и услуги во прометот — Скопје — Продавница во Скопје, на ул. „Белградска“ бр. 41. Предмет на работењето на продавницата е купопродажба, на мало, на галантерија, конфекција и трикотажа.

Продавницата е основана од работната заедница „Ангроцентар“ — претпријатие за промет и услуги во прометот — Скопје, со одлука бр. 1324 од 30. IX. 1968 година.

Раководител на продавницата е Љубомир Димитровски.

Продавницата ќе ја потпишува задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 940 од 8. X. 1968 година. (2110)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 475, страна 1324, е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата број 15 во Скопје, ул. „106“ бр. 25, на Фабриката „Бегеј“ — Зрењанин, согласно одлуката број 129 од 18. III. 1968 година на управниот одбор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 351 од 22. X. 1968 година. (2115)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 933, страна 451, книга IV, е запишано следното: Фирмата на Претставништвото во Скопје, ул. „Иво Рибар-Лола“ бр. 40, на „Кооператива“ експорт-импорт — Сарајево се менува и гласи: Претпријатие „Унион импекс“ — Сарајево — Претставништво во Скопје, ул. „Иво Рибар-Лола“ бр. 40, согласно решението за регистрација на Окружниот стопански суд во Сарајево, Фи бр. 1223/66 од 3. III. 1967 година.

Дејноста на споменатото претставништво се проширува и со: извоз и увоз — бои, лакови, хемикалии, каучук и кибрит, канцелариски материјал, хартија, прибор за пишување и школски прибор, не-

